# Извадок на дел од дневни настани 15.03.2019

На 14.03.2020 во 21.20 часот на подрачје на Бит пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода К.Б.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.03.2020 во 14.50 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.С.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.03.2020 во 21.00 часот на подрачје на Ѓорче Петров, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.К.(22) и Д.Х.(22), и двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив биле пронајдени марихуана и прашкасата материја. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.03.2020 во 12.30 часот на ул.„Јадранска магистрала“, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(50) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден нож. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.03.2020 во 20.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода З.К.(58) од Струга, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени гасен пиштол „екол“ и други предмети кои потекнувале од кривични дела по член 235, 236, 237 и 239 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.03.2020 во 16.59 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ бил донесен повреден Ј.К.(40) од с.Шишево, скопско, кој се повредил извршувајќи градежни работи на објект во изградба на бул. „Борис Трајковски“. Во 20.15 часот од страна на лекар кај лицето била констатирана смрт. Увид извршила увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за вештачење на Институтот за судска медицина.

На 14.03.3020 околу 18.55 часот на автопатот Свети Николе–Штип, кај место викано „Медово“, се превртела цистерна со бензин, со скопски регистарски ознаки, управувана од С.Д.(45) од Скопје, по што се запалила. По незгодата, С.Д. бил пренесен во Медицински центар Штип за укажување на лекарска помош, каде што му биле констатирани телесни повреди. Пожарот е изгаснат од противпожарните единици од Свети Николе и Штип. Увид на местото на настанот извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициска станица Свети Николе.

На 15.03.2020 околу 06.00 часот на магистралниот пат Штип-Радовиш, на место викано „Шести километар“, при обид за контрола од полициски службеници на патничко возило „ауди“, со скопски регистарски ознаки, возачот го напуштил возилото, а во него биле пронајдени 10 лица-мигранти од Авганистан и Пакистан. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2020 во 16.35 часот на ул.„Козле“ во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „априлија“, со скопски регистарски ознаки, управуван од М.Д.(40) и патничко возило „бмв“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Ф.(51), и двајцата од Скопје. По незгодата возачот на мотоциклот бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза“, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.03.2020 во 12.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце“ бил лишен од слобода А.С.(42) од Р.Косово. По извршените проверки било констатирано дека тој се наоѓал на листата со мерка „апси“, по барање на Интерпол од Брисел, Белгија. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 14.03.2020 околу 12.45 часот на крстосница од ул.„Северен булевар“ и ул.„Никола Минчев“ во Кавадарци се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „форд“, со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.И.(32) од Битола и мотоцикл „јамаха“, без регистарски ознаки, управуван од Л.Л.(26), каде сопатник бил М.Т.(29), и двајцата од с.Марена,кавадаречко. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот и сопатникот на мотоциклот, кои биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ за укажување на лекарска помош, каде подоцна Л.Л., поради животнозагрозувачките повреди, починал. Увид на местото на незгодата извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициска станица Кавадарци.

На 15.03.2020 во 01.00 часот во СВР Скопје, А.Џ.(28) од Скопје, пријавил дека во 00.20 часот на бензинска пумпа на бул.„Трета македонска бригада“, поради несогласување во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2020 во 16.05 часот во Полициска станица Прилеп било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул.„Ристе Василески“, сопственост на С.И.(56), при што бил опожарен инвентар во просторијата за дневен престој. Според пријавеното, во моментот на настанување на пожарот во куќата била мајката на сопственикот на куќата, Н.И.(78), која потоа била пренесена на преглед во Градската болница во Прилеп и немала повреди. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица Прилеп. Увид извршила увидна екипа од Полициска станица Прилеп.

На 14.03.2020 околу 15.00 часот во СВР Битола било пријавено дека на 13.03.2020 во Клиничка болница Битола на преглед дошол С.В.(18) од с.Лознани, битолско. На С.В. од страна на лекар му била констатирана тешка телесна повреда и врз истиот е извршена хируршка интервенција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2020 околу 21.00 часот пред угостителски објект на ул.„Цветан Димов“ во Скопје, настанал пожар во патничко возило „цитроен берлинго“, со скопски регистарски ознаки, додека било во движење, а управувано од В.П.(62) од Скопје. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица Скопје.

На 14.03.2020 во 17.10 часот во СВР Тетово, С.Н.(34) од Гостивар пријавил дека околу 16.30 часот, на паркинг пред продажен објект на бул. „Гоце Делчев“ во Гостивар, поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2020 околу 17.00 часот во СВР Скопје, С.К.(38) од Скопје пријавил дека во подземен простор на здравствена установа на бул.„Втора македонска бригада“ во Скопје, пронашол починато лице. Од екипа на Итна медицинска помош била констатирана смрт. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител пронајденото тело е предадено за обдукција во Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија - Скопје.

На 15.03.2020 во 08.00 часот, во Полициска станица Карпош, Ф.С.(40) од Скопје, пријавил дека на 13.03.2020 во 12.00 часот, неговиот син Е.А.(14) се оддалечил од домот. Тој и претходно, во повеќе наврати се оддалечувал од домот и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет